**20130230714**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КУЛТУРАТА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за културата,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 февруари 2013 година.

Број 07-824/1
12 февруари 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КУЛТУРАТА

Член 1

Во Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ број 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11 и 136/12), членот 43 се менува и гласи:

„Во културата јавниот интерес може да се остварува и преку концесија или со воспоставување на јавно приватно партнерство, согласно со Законот за концесии и јавно приватно партнерство, а во заштитата на културното наследство јавниот интерес се остварува преку концесија или со воспоставување на јавно приватно партнерство, согласно со Законот за концесии и јавно приватно партнерство, под услови утврдени со Законот за заштитата на културното наследство.“

Член 2

Членот 57 се брише.

Член 3

Насловот „Оддел 2“ поднасловот „ЕВИДЕНЦИЈА“ и членот 90 се бришат.

Член 4

Во членовите 91 став 1 алинејата 2 и 91-а став 1 алинејата 2 се бришат.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.